ОХРИДСКО ЛЕТО

# Премиера на „Леди Магбет", во режија на Рисима Рисимкин



Нешто неконвенционално: Рисима Рисимкин

Во предворјето на катедралната црква „Света Софија", во Охрид, вечерва во 21 часот Балетот на Македонскиот народен театар ќе ја изведе премиерата на претставата „Леди Магбет", според Вилијам Шекспир, во кореографија и режија на Рисима Рисимкин.

Според Рисимкин, куриозитет во претставата е музиката на Драган Даутовски, која ќе биде изведена во живо. Во „Леди Магбет" е истакната психолошката драма на ликовите, односно бремето по извршеното злосторство. Рисимкин вели дека процесот на работа на претставата бил интересен и неконвенционален.

За Благоја Мицевски, кој го направи дизајнот, во претставата е постигнат автентичен израз, на кој инсистира современиот танц.

Главната улога, Леди Магбет, ќе ја игра Ирена Ветерова, а учествуваат и Андреј Изместејев, Марија Јосифова, Марија Кичевска, Олга Боев, Кире Павлов, Наташа Николова, Елисавета Скаловска и Драган Кочовски.

Од септември претставата ќе биде на репертоарот на МНТ, матичната куќа на Рисимкин.

Дневник 23-7-2001
стр. 13